ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 79**

**Скопје, 25.11.2020 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на политички науки, политички системи, меѓународни односи и историја на дипломатијата на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ, ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМИ, МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ИСТОРИЈА НА ДИПЛОМАТИЈАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 19-1037/5 од 6. 11. 2020 година донесена на 8-та седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки, одржана 6. 11. 2020 година, определени сме за членови на рецензентската комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на политички науки, политички системи, меѓународни односи и историја на дипломатија на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Слободен печат" на 27. 10. 2020 година и во предвидениот рок се пријави:

*1. д-р Огнен Вангелов*

Врз основа на приложената документација од пријавениот кандидат на Наставно-научниот совет на Факултет за политички науки му го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Огнен Вангелов е роден во Скопје. Средно образование завршил во Леон средно училиште (Leon High School), во сојузната држава Флорида, САД. Дипломирал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 1997 година, со просечен успех 8,7.

Во академската 2004 година, како стипендист на американската влада (Ron Brown Fellowship) магистрира на Универзитетот во Денвер, Колорадо, САД, со просек 3.98 (од 4.0), во областа меѓународни и меѓукултурни комуникации. Од 2005 до 2013 година работи како лектор на студии по македонистика на универзитетите ЕЛТЕ во Будимпешта, Унгарија, ИНАЛКО во Париз, Франција и Индијана Универзитетот во САД.

Во академската 2013/2014 година се запишува на докторски студии по политички науки на Квинс Универзитетот (Queen's University) во Канада. Испитите ги завршува со просек од 3.95 (од 4.0), а исто така добива признание за најдобро одбранет квалификувачки испит по компаративна политика како единствен странски студент што некогаш добил такво признание на Катедрата за политички науки. Во 2013 година ја добива престижната стипендија на владата на Провинцијата Онтарио (Ontario Trillium Scholarship), а веќе следната година ја добива најпрестижната канадска стипендија за докторски кандидати „Ваниe" (Vanier Graduate Fellowship) како еден од шесте докторанди-добитници на Квинс Универзитетот (меѓу кандидати како од природни така и од општествени науки) и еден од вкупно 60 во цела Канада за периодот 2015-2018 година. Во септември 2018 година под менторство на професорите Жужа Черго (Zsuzsa Csergo) и Џон МекГери (John McGarry) успешно го одбранил докторатот на тема: „Автократизација на парламентарните демократии: примерот на Македонија и Унгарија". Катедрата за политички науки ја номинира оваа дисертација за Златен медал на гувернерот како најдобро одбранета дисертација на Катедрата во 2018 година.

Д-р Огнен Вангелов има повеќе од 15 години работно искуство во областите на образованието, истражувањето и во тинк-тенк организација. За време на додипломските студии работи и како преведувач и толкувач од македонски на англиски и обратно, а повремено пишува статии од областа на лингвистиката. По студиите еден од првите посериозни ангажмани го има во Меѓународната кризна група како помошник на директорот за Македонија и политички аналитичар.

Во текот на годините д-р Огнен Вангелов има работено на повеќе проекти, има учествувано на повеќе научни конференции, каде што има претставувано истражувачки резултати. Тој истовремено е и научен соработник на Центарот за демократија и разновидност при Квинс Универзитетот во Канада. Ова се дел од неговите презентации на значајни меѓународни конференции:

- 2019: “Hungary’s Autocratization as an EU Member.” Paper presented at the conference “The EU’s 2004 Enlargement in Central and Eastern Europe: Assessing the Impact 15 Years On.” Carleton University, Ottawa, February 8, 2019.
- 2018: “The Judiciary as a Bedrock in the Single Pyramid Architecture of Power in Hungary and Macedonia.” Paper presented at the workshop “Rule of Law in Europe: Threats and Resilience.” McGill University, Jean Monet Centre Montreal, April 19-20.
- 2017: “Nationalist Mobilization in Hungary and Macedonia.” Presentation at the International Summer Research Institute on “A World in Turmoil (Territory, Sharing Authority and Conflicts),” European Academy in Bozen/Bolzano, Italy, 28 June.
- 2016: “Macedonia’s Antiquization and the Construction of a Dual Ethnic Identity.” Paper presented at the ASN World Convention, Columbia University, New York, 14-16 April 2016.
- 2015: “Tracking the Processes of Democratic Recession.” Presentation at the Institute for Qualitative and Multi-Method Research, Maxwell School of Syracuse University, 26 June.
- 2015: “Petrification of Ethnic Nationalism and Identity Battles in Macedonia’s Democratic Regress.” Paper presented at the ASN World Convention, Columbia University, New York, 23-25 April 2015.
- 2012: “La Macédoine dans les programmes stratégiques nationaux albanais et bulgares dans les années 1990.” Paper at Colloque international: Les Journées macédoniennes Vingt ans d’indépendance: bilan et perspectives. Paris, France, 4-5 December 2012.

Главен истражувачки асистент е на научниот проект при Катедрата за политички науки на Квинс Универзитетот со наслов “The Politics of Complex Diversity in Contested Cities,” focusing on Montreal, Brussels, Belfast, and Vilnius“ (во периодот 2016-2020) и го води истражувањето за Брисел, Белгија.

***Научно-истражувачка дејност***

Во изминатите години д-р Огнен Вангелов ги објавил следниве трудови во референтни научни списанија:

- Vangelov, O. (2019). The Primordialisation of Ethnic Nationalism in Macedonia. *Europe-Asia Studies* 71 (2): 1-22 DOI: 10.1080/09668136.2018.1562043
- Joseph, E. and Vangelov, O. (2018). Breakthrough in the Balkans: Macedonia's New Name. *Survival: Global Politics and Strategy* 60 (4): 37-44
- Vangelov, O. (2018). Stalled European Integration, the Primordialization of Nationalism, and Autocratization in Macedonia between 2008 and 2015. *Intersections. East European Journal of Society and Politics* 3(4): 17-40
- Csergő, Z., Vangelov, O and Vizi, B. (2018). Minority Inclusion in Central and Eastern Europe: Changes and Continuities in the European Framework. *Intersections. East European Journal of Society and Politics* 3(4): 5-16

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (27 октомври 2020) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| “The Primordialisation of Ethnic Nationalism in Macedonia.” | 2019 | Да. *Europe-Asia Studies*<br><br>Списанието е индексирано во повеќе светски бази.<br>ABC Pol Sci (A Bibliography of Contents, Political Science & Government)<br>Abstracts of Hungarian Economic Literature<br>Academic Abstracts<br>America: History and Life<br>British Humanities Index<br>Criminal Justice Abstracts<br>Current Contents/Social & Behavioural Sciences<br>Geographical Abstracts<br>Human Geography<br>Historical Abstracts<br>International Political Science Abstracts<br>PAIS–Public Affairs Information Services<br>Periodica Islamica<br>Social SCISEARCH<br>Thomson Reuters Social Sciences Citation Index®<br>(SSCI) | Да.<br><br>https://www.tandfonline.com/toc/ceas20/current<br>Print ISSN: 0966-8136 Online ISSN: 1465-3427 |
| “Breakthrough in the Balkans: Macedonia's New Name.” | 2018 | Да. *Survival: Global Politics and Strategy*<br><br>Списанието е индексирано во повеќе светски бази.<br>Columbia International Affairs Online, CSA Worldwide Political Science Abstracts, ISI: Social Sciences Citation Index and Current Contents/Social & Behavioral Sciences, Military Policy Research, PAIS: Public Affairs Information Service, Periodicals Contents Index, and World Affairs Online. | Да.<br><br>https://www.tandfonline.com/toc/tsur20/current<br>Print ISSN: 0039-6338 Online ISSN: 1468-2699 |

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (27 октомври 2020) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| "Stalled European Integration, the Primordialization of Nationalism, and Autocratization in Macedonia between 2008 and 2015." | 2018 | Да. *Intersections. East European Journal of Society and Politics*<br><br>Списанието е индексирано во:<br>Web of Science, Scopus, CEEOL, ERIH, Google Scholar, Index Copernicus. The evaluation process is at an advanced stage with ProQuest Sociological Abstracts, EBSCO, and DOAJ | Да<br><br>https://intersections.tk.mta.hu/index.php/intersections/index |
| "Minority Inclusion in Central and Eastern Europe: Changes and Continuities in the European Framework.Movements" | 2018 | Да. *Intersections. East European Journal of Society and Politics*<br><br>Списанието е индексирано во:<br>Web of Science, Scopus, CEEOL, ERIH, Google Scholar, Index Copernicus. The evaluation process is at an advanced stage with ProQuest Sociological Abstracts, EBSCO, and DOAJ | Да.<br><br>https://intersections.tk.mta.hu/index.php/intersections/index |

Други публикации:

- Joseph, E. and Vangelov, O. (2020). The Age-Old Struggle for Narrative. *The American Interest* (June 18).
- Joseph, E. and Vangelov, O. (2017). Will Macedonia's Nationalists Bring the Country to Ruin?: How Washington Should Respond. *Foreign Affairs*. (May 23)
- Joseph, E., Toperich, S. and Vangelov, O. (2016). Backing the Balkans: Prioritizing EU Enlargement Post-Brexit. *Foreign Affairs* (July 6)

***Наставно-образовна дејност***

Д-р Огнен Вангелов има наставно искуство од 2005 година до денес, на повеќе универзитети во светот, а имено на универзитетите во Будимпешта, Унгарија, Париз, Франција, Индијана, САД и Квинс, Канада. Работел како лектор и изведувал настава самостојно на универзитетите во Будимпешта, Париз и Индијана, додека на Квинс Универзитетот работел прво како асистент на настава, а подоцна и како предавач на ранг на доцент. Како предавач самостојно има

изготвено и предавано предмети од областа на теории за демократија и авторитаризам, како и теории на национализам и етнички политики.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Огнен Вангелов и одредбите на Законот за високото образование, рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник. Неговата наставна и научноистражувачка работа е континуирана и ја потврдува ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од научноистражувачката и од наставната област што тој ја покрива.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека д-р Огнен Вангелов искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци, комисијата заклучи дека д-р Огнен Вангелов поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитет Американ Колеџ Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во насловно звање доцент од областа на политички науки, политички системи, меѓународни односи и историја на дипломатија.

Според гореизнесеното, комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, д-р Огнен Вангелов да биде избран во насловно звање *доцент* во научната област политички науки, политички системи, меѓународни односи и историја на дипломатија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Зоран Шапуриќ, с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Кимо Чавдар, с.р.
Факултет за правни науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Марина Андева, с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323